**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД**

# К О Н К У Р С

**за запишување на студии од прв циклус**
**на студиските програми на Универзитетот за информатички науки и технологии**
**„Свети Апостол Павле“ Охрид**
**во учебната 2017/2018 година**

**Охрид, Јули 2017**

Во согласност со член 108 и член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 , 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, Одлуката на Владата на Република Македонија за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2017/2018 година, Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, објавува

**К О Н К У Р С**

за запишување на студии од прв циклус студии на студиските програми
на Универзитетот за информатички науки и технологии
„Свети Апостол Павле” Охрид
во учебната 2017/2018 година

## I. Број на студенти

На студиските програми од прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле” Охрид, за кои се стекнува универзитетска диплома, во прва година во учебната 2017/2018 година, ќе се запише следниов број студенти:

<table>
<tr><th>ФАКУЛТЕТИ/<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ</th><th>Редовни во државна квота</th><th>Износ на надомсеток (ЕУР)</th><th>Редовни со кофинансирање</th><th>Износ на кофинансирање (ЕУР)</th><th>Вонредни студенти</th><th>Износ на надоместок (ЕУР)</th><th>Вкупен број на студенти</th></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО</td><td colspan="7"></td></tr>
<tr><td>Компјутерски науки и инженерство<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)</td><td>15</td><td rowspan="2">200</td><td>8</td><td rowspan="2">400</td><td>8</td><td rowspan="2">400</td><td rowspan="2">80</td></tr>
<tr><td>Компјутерски науки и инженерство<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС)</td><td>25</td><td>12</td><td>12</td></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ</td><td colspan="7"></td></tr>
<tr><td>Комуникациски мрежи и безбедност<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)</td><td>15</td><td rowspan="2">200</td><td>8</td><td rowspan="2">400</td><td>8</td><td rowspan="2">400</td><td rowspan="2">80</td></tr>
<tr><td>Комуникациски мрежи и безбедност<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС)</td><td>25</td><td>12</td><td>12</td></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА</td><td colspan="7"></td></tr>
<tr><td>Машинска интелигенција и роботика<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)</td><td>10</td><td rowspan="3">200</td><td>8</td><td rowspan="3">400</td><td>8</td><td rowspan="3">400</td><td rowspan="3">120</td></tr>
<tr><td>Машинска интелигенција и роботика<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС)</td><td>20</td><td>12</td><td>12</td></tr>
<tr><td>е-Влада, е-Бизнис, е-Култура<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)</td><td>30</td><td>10</td><td>10</td></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА</td><td colspan="7"></td></tr>
<tr><td>Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника<br>Тригодишни студии (180 ЕКТС)</td><td>15</td><td>200</td><td>8</td><td>400</td><td>8</td><td>400</td><td>80</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника**<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 25 | | 12 | | 12 | | |
| **Развој на компјутерски игри, дигитален дизајн и анимација***<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | | | | | | | |
| **Дигитална бизнис информатика**<br>Четиригодишни студии (240 ЕКТС) | 40 | 200 | 20 | 400 | 20 | 400 | 80 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ "СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ"-ОХРИД** | **250** | | **120** | | **120** | | **490** |

* Студиската програма под наслов „Развој на компјутерски игри, дигитален дизајн и анимација" е во постапка на акредитација пред Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Универзитетот ќе отпочне со реализација на програмата под услов истата да биде акредитирана и да биде добиено решение за почеток со работа од страна на Министерството за образование и наука на РМ

Студиските програми на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот „Свети Апостол Павле" Охрид) во целост се изведуваат на англиски јазик.
Универзитетот „Свети Апостол Павле" Охрид нема да врши проверка на знаењата по англиски јазик.
Познавањето на англискиот јазик се докажува со доставување потврда за познавање на англиски јазик во моментот на аплицирање.

## II. Услови и критеритуми за запишување

1. Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

   Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат и кандидати кои положиле училишна матура или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четири годишно траење, ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во првиот уписен рок не се пријават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од претходниот став.

   Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година) кои не полагале државна односно училишна матура во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука.

   По исклучок под услови кои ги утврдува факултетот, на студии можат да се запишат и лица без претходно завршено соодветно образование, ако станува збор за исклучително надарени лица за кои може да се очекува дека и без завршено претходно образование успешно ќе ги завршат студиите.

   При пријавување на кандидатите за зпаишување на студиските програми на Универзитетот „Свети Апостол Павле" Охрид во пријавните листови можат селективно да ги набележат своите три можни приоритетни избори на студиска програма од различни едници кои се во рамки на Универзитетот.

   Пример: - Факултет А, студиска програма А, државна квота
   - Факултет А, студиска програма А, кофинансирање
   - Факултет Б, студиска програма Б, државна квота

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

   На прв циклус студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредени студенти.

3. На прв циклус студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во конкурсот.

   Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование.

Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите како и кандидитатите од Глава V од конкурсот.

**4.** Селекција на кандидатите ќе се врши **врз основа на успехот од средното образование**.

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

Кандидатите може да освојат најмногу 100 поени. Успехот од средното образование учествува со 60% а успехот постигнат на државната матура со 40%.

**4.1** Пресметка на бодовите од успехот во средното образование се врши на следниот начин:

**4.1.1.** Според успехот од средното образование, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**4.1.2.** За кандидатите кои полагале државна матура во учебната 2016/2017, во учебната 2015/2016, во учебната 2014/2015 и во учебната 2013/2014 година бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу 40 поени и се врши на следниов начин:

**За трите екстерни предмети:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е соодветен за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е несоодветен за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 30 поени за трите екстерни предмети.

**За интерниот предмет:**

- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е соодветен за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент 1,2.
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е несоодветен за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент 0,8.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 6 поени за соодветен, односно 4 поени за несоодветен интерен предмет.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

**4.1.3.** За кандидатите кои полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу 40 поени и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е соодветен за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е несоодветен за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 20 поени за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се соодветни за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се несоодветни за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1.

Вака добиените производи се собираат.
По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

**4.1.4.** За кандидатите кои полагале училишна матура или завршен испит по завршено средно образование со четиригодишно траење, бодирањето на успехот постигнат при полагањето носи најмногу 20 поени и се врши на следниов начин:

- Оценките од предметите кои се полагаат на училишната матура односно завршниот испит се множат со коефициент 1,6. Добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени.
- Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

**4.1.5.** За кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 4.1.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма (Табела 2) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени за еден предмет, односно вкупно 40 поени за двата предмета.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научните совети формираат Конкурсна комисија на секој факултет одделно.
2. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.
3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласната табла на Факултетот објавува прелиминарна ранг-листа со поените од средното образование (среден успех).
5. По објавувањето на прелиминарната ранг листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Ректорската управа. Решението на Управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла.

   По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (конечна ранг листа) врз основа на што се врши запишување на студенти.

   Решението на конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа), истовремено го доставува и до Ректоратот на Универзитетот.
6. Факултетите на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

## IV. Запишување на студенти во државна квота

1. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надомест во износ од **200 евра** годишно во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ.

   Надоместокот за студирање на студентите од претходниот став, за секоја студиска програма одделно, е составен дел на овој Конкурс. Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.

   Надоместокот од став 1 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
2. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати) се запишуваат сите вакви кандидати. Ако пак бројот на ваквите кандидати е поголем од 5 тогаш овие кандидати се рангираат според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.
3. Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат (во вооручени дејствија) или починат (смрт што настапила како директна последица од рана или повреда стекната во текот на вооружените дејствија) припадник на безбедносните сили, утврдени со член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од член 23 од истиот закон („Службен весник на Република Македонија„ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), во учебната 2017/2018 година ќе се запишуваат надвор од државната

квота без плаќање партиципација односно кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на соодветната студиска програма.

Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето со документи од Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

**4.** Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:

- деца без родители,
- лица од прв и втор степен на инвалидност,
- воени инвалиди и
- лица растени во домови за напуштени деца до 26 години, доколку се невработени.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10 % од вкуниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

**5.** Универзитетот ќе наплатува половина од износот на уписнината во рамки на државната квота, односно во рамки на квотата со кофинансирање на студии, во учебната 2017/2018 година за студенти чие родителско право го врши само еден родител, и тоа:

- 1 (еден) студент за секоја студиска програма за која се определени од 20 до 40 места во државна квота и 1 (еден) студент за секоја студиска програма за која се определени од 20 до 40 места во квотата со кофинансирање на студиите

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

**6.** Студентите од ромска националност, кои ќе се запишат во учебната 2017/2018 година се ослободени од плаќање партиципација за прв и втор семестар согласно проектот на Владата на Република Македонија, Декада на Ромите.

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студии

**1.** На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето во оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

**2.** Студентите кои се запишуваат во оваа категорија износот утврден во глава I од конкурсот, го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето во најмалку две еднакви рати.

Надоместокот од претходниот став на оваа точка, студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

**3.** Факултетот објавува ранг листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Запишување вонредни студенти

**1.** На студиските програми утврдени во конкурсот, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и се вработени, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува настава, потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

**2.** Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

Надоместокот од претходниот став на оваа точка, студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат образец М1/М2 нотарски заверен или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2.

**VII. Кандидати со завршено средно образование во странство**

**а) Странски државјани**

1. Странски државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во конкурсот.

2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Универзитетот се врши врз основа на соодветноста на претходно завршено средно образование и постигнатиот успех од средно образование.

3. При пријавувањето кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените и уверение за здравствена состојба од јавна здравствена установа.

4. Школарината за странските државјани во учебната 2017/2018 година изнесува 600 евра по семестар односно 1.200 евра годишно, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето, доколку поинаку не е уредено со договор за меѓу универзитетска соработка.

**б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство**

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.

   Селекцијата на кандидатите од точка 1 на Универзитетот ќе се врши врз основа на успех од средно образование.

   Кандидатите од точка 1 со пријавата поднесуваат нострифицирано сведителство за завршено средно образование во странство.

   Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата но најмногу до 10% од државната квота.

   Надоместокот кој го плаќаат овие студенти е еднаков на надоместокот кој го плаќаат студентите со кофинансирање на студиите (глава V од конкурсот).

2. Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование го завршиле во странство се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што и покрај другите документи поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство.

**VIII. Кандидати со завршена меѓународна матура и кандидати од приватните средни училишта во РМ**

1. Кандидатите со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во РМ. За овие кандидати бодовите од вкупниот успех од средното образование се добиваат согласно точката 4.1.1. од конкурсот. Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура се врши на следниот начин: секоја оценка од шестте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените поени се собираат. По оваа основа може да се добијат најмногу 36 поени. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу 40 поени.

2. Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РМ каде се полага државна матура, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатитее со завршено средно образование во РМ согласно точката 4.1.1. од конкурсот.

3. Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РМ каде не се полага државна матура, се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите, но најмногу до 10% од државната квота.

**IX. Дополнителни квоти утврдени од Владата на Република Македонија**

1. За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ, на високообразовните установи на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, во учебната 2017/2018 година, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Во рамките на овој процент соодветни ќе бидат

застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на РМ.

2. На високообразованите установи на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовни квоти.

3. Процентот на студентите-припадници на овие заедници, заедно во државната и дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Македонија.

## X. Рокови за пријавување, рангирање според успехот од средно образование и запишување

| | **прв рок** | **втор рок** | **трет рок** |
|---|---|---|---|
| **пријавување на кандидатите** | 16, 17 и 18.08.2017 | 04 и 05.09.2017 | 14.09.2017 |
| **објавување резултати од успехот (прелиминарна ранг листа)** | 23.08.2017 | 08.09.2017 | 15.09.2017 |
| **објавување решение за прием на кандидатите (конечна ранг листа)** | 25.08.2014 | 11.09.2017 | 19.09.2017 |
| **запишување на кандидатите** | 29 и 30.08.2017 | 12.09.2017 | 20.09.2017 |

**Забелешка:**
По реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, Универзитетот ќе објави дополнителен конкурс за запишување во вториот уписен рок во учебната година.

## XI. Документи за пријавување и запишување

1. Пријава за запишување;
2. Оригинални свидетелства од сите класови;
3. Документ за положена државна, меѓународна или училишна матура;
4. Оригинално сведителство за завршено средно образование;
5. Извод од матичната книга на родените;
6. Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение);
7. Потврда за познавање на англиски јазик;
8. Потврда за уплата:
   - 500 денари на жиро-сметката на Универзитетот за пријава за упис согласно ценовникот на УИНТ, и уплата за административна такса од 50,00 денари.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти, ги поднесуваат, освен горенаведените, и документите наведени во глава VI точка 3.

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби.**

**Составен дел на Конкурсот се:**

Табела 1: **Листа на екстерни и интерни предмети од државна матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на универзитетот за:**
- **кандидатите кои полагале државна матура во заклучно со учебна 2012/2013 и**
- **кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и учебна 2013/2014**

Табела 2: **Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средно образование за кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**

Конкурсот е објавен на интернет страната на Универзитетот за Информатички Науки и Технологии “Св. Апостол Павле”, Охрид
**www.uist.edu.mk**

Табела 1: **<u>Листа на екстерни и интерни предмети од државна матура потребни за пријавување за запишување на студиските програми на универзитетот</u>**

<table>
<tr><th colspan="5">УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ<br>„СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“, ОХРИД</th></tr>
<tr><th rowspan="2">ФАКУЛТЕТИ</th><th colspan="2">Екстерни изборни предмети</th><th colspan="2">Интерни предмети</th></tr>
<tr><th>За кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и 2013/2014 (3 предмети)</th><th>За кандидатите кои полагале државна матура во заклучно со учебна 2012/2013 (2 предмети)</th><th>За кандидатите кои полагале државна матура во учебна 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и 2013/2014 (1 предмет)</th><th>За кандидатите кои полагале државна матура во заклучно со учебна 2012/2013 (2 предмети)</th></tr>
<tr><td>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, МУЛТИМЕДИЈА И АНИМАЦИЈА<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ</td><td>Еден од предметите математика или англиски јазик, вториот и третиот екстерен предмет по избор на кандидатот</td><td>Еден од предметите математика или англиски јазик, другиот екстерен предмет по избор на кандидатот</td><td>Без ограничувања</td><td>За гимназија:<br>• Физика, информатика или англиски јазик (најмалку еден, а може и два предмети)<br>• Еден предмет по избор на кандидатот (еден од гореспоменатите предмети или некој друг сосема различен предмет)<br><br>За средно стручно образование:<br>• Физика, информатика или англиски јазик (најмалку еден, а може и два предмети)<br>• Еден стручен предмет според образованиот профил по избор на кандидитот (еден од гореспоменатите предмети или некој друг сосема различен предмет)</td></tr>
</table>

Табела 2: **<u>Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средно образование за кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура</u>**

| **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“, ОХРИД** | | |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТИ** | **Прв предмет** | **Втор предмет** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, МУЛТИМЕДИЈА И АНИМАЦИЈА**<br><br>**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ** | Математика | Информатика, англиски јазик, физика (по избор на кандидатите) |